# Услови за осигурување на пратки – стока против сите ризици при превоз со железница, моторни возила или коли во внатрешен транспорт

Друштво за осигурување СИГАЛ ИНШУРЕНС ГРУП АД Скопје, Бул. Илинден број 1, 1000 Скопје, тел. 02 3109 060. факс 02 3215 128, www.sigal.com.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 15.10.2004 година и со одлука бр.06/04-3 се применуваат од денот на донесувањето.

**1.** Со осигурувањето се покриени сите штети кои настануваат на пратките за време траење на превозот поради вонредна надворешна причина како што се штети поради сообраќаен удес на превозното средство (судар, удар, превртување и сл.), елементарни непогоди (пожар, експлозија, гром и сл.) потоа разни оштетувања кои настануваат поради манипулирање на пратките како што се: кинење вреќи, кршење на амбалажа со растурање на содржината или течење, кршење и оштетување на осигурените предмети како и останатите штети поради транспортните ризици како што се делумна кражба, кражба и неиспорака на цели пакети, покиснување допир со други предмети и сл.2. Од осигурувањето се исклучени штети кои ќе настанат поради:

- лоша намера или груб пропуст на осигуреникот и неговите работници. Оваа одредба не се однесува на лошата намера и грубата небрежност на лица кои постапиле противно на упатствата на осигуреникот, како ни штети кои се сторени од шпедитерите, возарите, складиштари и сл.
- природно својство или маана на пратката без делување на вонредни надворешни причини како што се: расипување, кало, смрзнување, угинување на живи животни и сл. освен во случаите ако е до тоа дојдено поради транспортни ризици или подолго траење на превозот од оноа што е во прописите дозволено.

**2.** Штети покриени со ова осигурување се надоместуваат без

**3.** одбиток франшиза со исклучок на пратките нафта и нафтени деривати кај кои губитоците се надоместуваат по одбиток на процентот прдвиден во ЦИМ – Конвенција и Законот за превоз во железнички сообраќај и другите прописи кои ќе важат во моментот на настанување на штетата и пратки стакло, порцелан, и керамика односно пратки кои се паковани во стаклена амбалажа, керамика кај кои се одбива процент од вредноста на пратката на име одбиток франшиза, согласно Тарифа за франшиза бр. 5.

**4.** Пратките се покриени од моментот кога ќе го поминат прагот од складиштето на испраќачот (стовариште, куќа) со цел на непосредно утоварување во превозно средство до пристигнувањето на пратката во складот на приемачот (стовариште, куќа) во определеното место.

**5.** Овие услови се применуваат во околу во полисата не е со посебни одредби нешто друго поинаку договорено.